Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 284//0306
13.06 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 05.06.2025 година, врз основа на примена жалба од **Мартин Тасевски,** го донесе следново мислење:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Со што се дрогираат Македонците“**, објавен на онлајн медиумот – интернет портал Кајгана (kajgana.com) на 19.05.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 20.05.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „Со што се дрогираат Македонците“, објавен на онлајн медиумот – интернет портал Кајгана (kajgana.com) на 19.05.2025 г. и на неговата страница на Фејсбук, при што се жали на „говор на омраза и на дискриминација“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Насловот е сензационалистички, генерализирачки, и создава стигма кон цела етничка или национална група. Таквиот пристап е спротивен на член 10 од Кодексот на новинарите на Македонија, кој бара избегнување на говор на омраза, стереотипи и дискриминација.“ Жалителот се жали и на коментарите објавени на Фејсбук страницата на Кајгана, каде што бил постиран текстот од порталот.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој во целост се отфрла жалбата.

Во одговорот потпишан од главниот уредник на Кајгана, меѓу другото, се наведува:
„...Објавениот текст претставува анализа на податоците од Извештајот објавен од Институтот за јавно здравје за Европското истражување за droги во Северна Македонија 2024. Во текстот не само што нема никакви елементи на говор на омраза и дискриминација, туку има и препораки за поголема едукација и ризиците и опасностите од употреба на дроги“.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Со што се дрогираат Македонците“, објавен на онлајн медиумот – интернет портал Кајгана (kajgana.com) на 19.05.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 8 и 10 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст во кој се пренесува информација за специфичен општествен проблем, употребата на наркотични средства во општеството, што е прашање од јавен интерес.

Комисијата констатираше дека во текстот се пренесуваат анализите на податоците од Извештајот објавен од Институтот за јавно здравје за Европското истражување за дроги во Северна Македонија 2024, при што се наведени и врските што преку интернет водат до оригиналниот документ. Самиот текст е напишан според етичките правила и Комисијата не гледа проблем во него, туку во насловот на текстот.

Иако членови на Комисијата сметаат дека во насловот терминот Македонци е употребен во смисла на македонска нација, т.е. сите граѓани на Македонија, повеќето членови заклучија дека таквата терминологија не е во употреба во државата и дека со посочување на Македонците се создава перцепција дека само мнозинскиот народ од државата има проблем со употребата на дроги. Покрај тоа, граѓаните што имаат проблеми поради зависност, како ранлива и чувствителна група во општеството, се врамуваат во негативен контекст и се поврзуваат само со Македонците, иако е општо познато дека проблемот ги засега сите етнички групи и делови од други народи што живеат во Северна Македонија, што пак води кон поттикнување стереотипи и кон индиректен говор на омраза. Впрочем, во извештајот од каде се вадени податоците не се наведуваат бројки за етничка припадност, туку за граѓани и нивната поврзаност со користењето наркотици.

Комисијата, исто така, заклучи дека насловот е сензационалистички и насочен кон што поголема посета на страниците на интернет порталот, што потпаѓа под членот 8 од Кодексот, каде се говори и за избегнување на сензационализам во информирањето за специфични проблеми.

Покрај тоа, Комисијата заклучи дека комуникацијата на порталот со своите читатели на социјалната мрежа Фејсбук е непрофесионална и одговорот „а на кои дроги си ти" од страна на администраторот на профилот на социјалната мрежа, е несериозен, несоодветен и навредлив кон целата ранлива група на зависници од наркотички средства.

Од тука, Комисијата смета дека се прекршени членовите 8 и 10 од Кодексот кои го регулираат ова прашање:

**Член 8**

> Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, **болести**, судски постапки **мора да биде ослободен од сензационализми**. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**Член 10**

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…).

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

С. Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595